Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Седумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 3 ноември 2020 година

Скопје, ноември 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Седумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 ноември 2020 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видеоконференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:40 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Билјана Пецовска, нотар.

На седницата не учествуваа Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- Информација за клучните наоди и препораки од Извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2020 година

1. Записник од Деветтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 3 ноември 2020 година

2. Предлог-одлука за превентивни препораки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена

3. Информација за потребата од продолжување на рокот за повлекување на парични средства за преференцијалниот заем од Ексим Банка - Кина за изградба на проектот Автопат А2, делница Кичево - Охрид во износ од 505 милиони УСА долари

4. Информација за Годишниот финансиски извештај, Годишната сметка и Годишниот извештај за работата на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2019 година, со дополнување и со предлог – одлуки

5. Консолидирана годишна сметка на АД ЕСМ – Скопје со ДООЕЛ-ите основани од АД ЕСМ Скопје и консолидираните финансиски извештаи на АД ЕСМ - Скопје, за 2019 година и Извештај од независен ревизор, со Предлог – одлука

6. Барање за одобрување на работењето на Надзорниот одбор и на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје за склучување на Анекс кон Договор солемнизиран под ОДУ бр.5091/17 од 25.12.2017 година, за продолжување на рокот за исплата на заем склучен помеѓу Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД Скопје и АД МЕПСО – Скопје, со предлог-одлуки

7. Предлог-одлука за продажба на деловни простории со кои стопанисува Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје

8. Информација за Предлог-правилник за изменување на Правилникот за начинот и постапката за земање примероци, начин и методи на вршење на лабораториски анализи на храната за животни, со Предлог-одлука

9. Информација за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање (КО Центар 1), со Предлог-одлука

10. Информација за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање (КО Центар 2), со Предлог-одлука

11. Информација за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање (запишан во Имотен лист бр.32976 КО Кисела Вода 1), со Предлог – одлука

12. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за здравство - Државен санитарен и здравствен инспекторат

13. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад и Предлог-одлука за продажба на движни ствари (АД за аеродромски услуги „Аеродроми на Северна Македонија", во државна сопственост - Скопје)

14. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад на Врховниот суд на Република Северна Македонија

15. Барање на финансиски средства за финансирање на имплементација на Основен проект за линиска инфраструктурна градба-изградба на водоснабдителен систем за град Крушево, со зафаќање на води од Бушева Планина во КО Сланско и КО Дреново Општина Македонски Брод и КО Белушино во Општина Крушево, тех.бр.98/2015 и вклучување на Републичкиот завод за геолошки истражувања во посочување на локации за потенцијални бушотини, од каде Крушево ќе може да се снабдува со вода за пиење

16. Предлог-одлука за пренесување во сопственост недвижни ствари на Општина Чашка

17. Предлог на закон за финансиска поддршка за намалување на последиците предизвикани од КОВИД 19 врз производството, откупот на грозје и винската индустрија, по скратена постапка

18. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште

19. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година

20. Предлог-програма за дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година

21. Информација за избрани проекти за реализација согласно со Одлуката за дополнување на Одлуката за распределба на средства согласно Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“

22. Извештај за извршени преговори за потпишување на Спогодба помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство и рурален развој на Република Албанија за заедничко одржливо управување со риболовот во Охридското и Преспанското Езеро, со усогласен текст на Спогодба

23. Информација за предлог за консолидација на земјоделско земјиште без промена на границите на катастарските парцели во катастарска општина Кожле, Општина Петровец, со Предлог – одлука

24. Информација за Предлог за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во катастарска општина Дабјани, Општина Долнени, со Предлог-одлука

25. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на фотонапонска соларна централа, КО Крушево-вон г.р., Општина Крушево, со Предлог-одлука

26. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на гасоводен систем на Град Битола, траса ГМРС Битола – МРСI со сообраќајна и комунална инфраструктура, КО Горно Оризари, Општина Битола, со Предлог-одлука

27. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 10(20) kV кабелска врска помеѓу раставувач 10(20)kV на постоен вод КО Мало Коњари и ТС 10(20)/0.4kV КО Варош, Општина Прилеп, со Предлог-одлука

28. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2- комунална супраструктура, фотоволтаична централа со капацитет до 1mw КО Негрево, Општина Пехчево, со Предлог-одлука

29. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба за изградба на фотоволтаична централа Марена 1 и електричен вод за приклучок, КО Марена, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука

30. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Д3-спорт и рекреација КО Дихово, Општина Битола, со Предлог-одлука

31. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија (производи за градежна индустрија) КО Сојаклари, Општина Велес, со Предлог-одлука

32. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

33. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2-градби за производство на енергија, термоелектрична централа за производство на електрична енергија од био маса КО Алданци, Општина Крушево, со Предлог-одлука

34. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Тодорче Ристов с. Долни Балван, Карбинци, со Предлог – одлука

35. Предлог-одлука за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина – вулкански туф на локалитетот „Славишко Поле“ с. Ветуница, Општина Ранковце од Стрмош АД рудници за неметали Пробиштип на Друштвото за производство, транспорт, трговија и услуги Диатомак ДООЕЛ Пробиштип

36. Предлог-решение за овластување на потписник за склучување на договори за купопродажба на станови

37. Извештај за завршени преговори за усогласување на текстот на Спогодбата меѓу Федерацијата на Свети Кристофер и Невис и Република Северна Македонија за укинување на визи за носители на биометриски патни исправи, со усогласен текст на Спогодбата на македонски и англиски јазик

38. Информација за преземените активности и организациони аспекти во рамките на македонско-бугарското ко-претседавање со Берлинскиот процес 2020 (БП-2020) и подготовките за завршниот Самит во Софија на 10 ноември 2020 година, со повеќегодишен Акциски план и предлог текст на Декларација

39. Информација за предлог-реорганизација на економската дипломатија, во насока на промоција на националните економски интереси во странство

40. Информацијa за подготовка на Седумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, што ќе се одржи на 12 ноември 2020 година

41. Информација за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Бошкоски против Република Северна Македонија А.бр.71034/13

42. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа „Гостиварски театар“ – Гостивар

43. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Основен кривичен суд Скопје

44. Предлог-решение за изменување и дополнување на Решението за назначување на Генерален комесар и заменик на Генералниот комесар на Република Северна Македонија за „ЕХРО Дубаи 2020“

45. Предлог на закон за дополнување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка

46. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, по скратена постапка

47. Информација за исплата на парични права од социјална заштита, за октомври 2020 година

48. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги ГРИН МЕДИКАЛ ТЕРАПИ ДОО Чучер-Сандево Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

49. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом Гостивар (моторно возило)

50. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа „Здравствен дом на Скопје“ – Скопје

51. Годишен извештај за работата на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во 2019 година

52. Барање за давање на автентично толкување на член 57 став 1 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 132/2016, 35/2018, 64/2018 и 168/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/2019 и 18/2020), поднесено од градоначалникот на Општина Кочани

53. Барање за давање на автентично толкување на член 121 став (5) од Законот за управување со отпадот („Службен весник на Република Македонија“ број 68/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 140/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15,

192/15, 39/16 и 63/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 31/20), поднесено од пратеникот Миле Лефков

54. Кадровски прашања

55. Прашања и предлози

56. Известување на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, за септември 2020 година

57. Извештај за работењето на ЈП Национална радиодифузија - Скопје во период од 1 јануари до 31 март 2020 година

58. Информација за состојбата со природните езера и вештачките акумулации на кои АД ЕСМ има хидроцентрали

59. Информација за текот и прогресот на активностите за реализација на Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација 02, финансиран со кредит за долгорочно задолжување од ЕБОР (септември 2020)

60. Информација за реализација на активностите наведени во Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи од овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ЈЗУ Клиничка Болница Штип за 2017 година

61. Информација во врска со Информацијата за динамиката на реализација на обврските преземени со склучување на договорите за изведба и надзор на капитални проекти во водостопанството во текот на 2019 година

62. Годишен извештај во врска со реализација на Програмата за инвестирање во животната средина за 2019 година

63. Информација со текст на протокол за отворен пристап до истражувачката инфраструктура во Западен Балкан, со текст на Протокол

64. Информација во врска со регулирање на боледувањето на вработени лица заболени од C0VID -19 (Коронавирус), како и вработени лица кои се во изолација заради спречување на зараза

65. Предлог на закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по скратена постапка

66. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка, по скратена постапка

67. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на личен доход, по скратена постапка

68. Предлог на закон за финансиска поддршка на граѓани со низок доход, корисници на пензија, корисници на право на социјална сигурност на стари лица,

млади лица, самохрани родители, деца без родители и родителска грижа, уметници и други лица кои вршат дејност во културата, филмски работници и естрадни уметници, по скратена постапка

*

*    *

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

**Информација за клучните наоди и препораки од Извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2020 година**

Владата ја разгледа Информацијата за клучните наоди и препораки од Извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2020 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да подготви План за реализација на краткорочните приоритети од Извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2020 година, најдоцна до 16 ноември 2020 година.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да ја достави деталната гап анализа на Извештајот и Планот за динамиката на ревизијата на Националната програма за усвојувањето на правото на ЕУ до ресорните институции, најдоцна до 9 ноември 2020 година

3. Се задолжуваат сите министерства да го прегледаат Извештајот од аспект на конзистентноста на фактичките информации содржани во истиот и доколку има неточни фактички податоци да го информираат Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 6 ноември 2020 година.

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Деветтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 3

ноември 2020 година и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, ги усвои следните заклучоци:

1. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, за престанување на важење на препораката по однос на задолжително PCR тестирање на играчите и тренерите 72 часа пред почеток на секој натпревар.

Согласно ова, се менува Општиот протокол за организирање на спортски натпревари, кој да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ (Одлуката е точка 2 од Дневниот ред).

2. Го прифати новиот изменет текст на Протокол за вршење на превозот на патници, кој да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ (Одлуката е точка 2 од Дневниот ред).

3. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство забраната за собирање во групи (групирања) на повеќе од четири лица на јавен простор, односно паркови, јавни површини или било каде на отворен простор, наместо по 22:00 часот, да започнува по 21:00 часот.

4. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, согласно кој се затвораат за посетители – гости по 21.00 часот сите угостителски објекти, како и угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, хостел, пансион и друг објект за сместување) или на бензинските станици, а оние угостителски објекти кои вршат подготовка и продажба на храна можат да остваруваат продажба на алтернативен начин (онлајн или телефонски нарачки и слично) и да вршат достава или да овозможат самостојно подигнување на нарачката надвор од угостителскиот објект (преку штанд/пулт).

Исклучок од ова се угостителските објекти на Меѓународниот Аеродром Скопје и Аеродромот „Св. Апостол Павле“ во Охрид, како и угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, хостел, пансион и друг објект за сместување) за посета од лицата сместени во овие објекти.

5. Владата препорачува:

- избегнување на групирање во домови по повод семејни прослави, слави и други собири, во групи на повеќе од четири лица кои не живеат во истата заедница или домаќинство.

- избегнување на движење на јавен простор (паркови, јавни површини или било која површина на отворено) на целата територија на Република Северна Македонија, во периодот по 21:00 часот, секој ден во текот на седмицата.

Согласно, горенаведеното Владата донесе Одлука за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за

постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, која е составен дел на Точка 2 од Дневниот ред.

6. Се задолжуваат сите министерства врз основа на Збирниот преглед на уредби со законска сила, донесени од Владата за време на вонредната состојба, доколку утврдат потреба од нивно продолжување и обезбедување континуитет во примената во наредниот период, да подготват и достават во владина постапка соодветни изменувања на материјалните закони.

7. Министерот за култура д-р Ирена Стефоска, до заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции м-р Фатмир Битиќи, да го достави известувањето во врска со потребата од изнаоѓање нови можности, со кои самостојните уметници, филмските работници, уметниците и другите физички лица кои вршат дејност и други активности во областа на културата ќе бидат опфатени во мерки за помош и поддршка за справување со COVID-19 кризата и да предложат соодветно решение.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за превентивни препораки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена и согласно расправата на седницата донесе Одлука за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од продолжување на рокот за повлекување на парични средства за преференцијалниот заем од Ексим Банка - Кина за изградба на проектот Автопат А2, делница Кичево - Охрид во износ од 505 милиони УСА долари, ја усвои Информацијата и го задолжи заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски, а се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, веднаш да испратат заеднички допис до Ексим банка за продолжување на времетраењето на заемот за изградба на проектот автопатот А2, делница Кичево-Охрид финансиран од Ексим банка, наместо до 31.12.2021 година, да биде до 31.12.2022 година.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за Годишниот финансиски извештај, Годишната сметка и Годишниот извештај за работата на АД Електрани на Северна

Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2019 година, со дополнување и со предлог – одлуки и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за Годишниот финансиски извештај и Годишната сметка на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2019 година, со дополнување.

2. Ја донесе Одлуката за одобрување на Годишната сметка и Финансискиот извештај за работењето на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје со Извештајот од Независниот ревизор за 2019 година, во предложениот текст.

3. Ја донесе Одлуката за одобрување на Годишниот Извештај за работата на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2019 година, во предложениот текст.

4. Ја донесе Одлуката за распределба на добивка по Годишна сметка на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2019 година, во предложениот текст.

5. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2019 година, во предложениот текст (м-р Васко Ковачевски, претседател на Управниот одбор).

6. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2019 година, во предложениот текст (д-р Драган Миновски, претседател на Управниот одбор).

7. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2019 година, во предложениот текст (Фатмир Лимани, член на Управниот одбор).

8. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2019 година, во предложениот текст (Ѓорги Михаилов, член на Управниот одбор).

9. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2019 година, во предложениот текст (Добрила Стефаноска, член на Управниот одбор).

10. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2019 година, во предложениот текст (Благојче Трповски, член на Управниот одбор).

11. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2019 година, во предложениот текст (Марјанчо Николов, член на Управниот одбор).

12. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2019 година, во предложениот текст (Благој Гајдарџиски, член на Управниот одбор).

13. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2019 година, во предложениот текст (Иван Трпески, член на Управниот одбор).

14. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2019 година, во предложениот текст (м-р Верица Узунова-Ангеловска, претседател на Надзорниот одбор).

15. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2019 година, во предложениот текст (д-р Златко Петрески, член на Надзорниот одбор).

16. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2019 година, во предложениот текст (д-р Сашо Додовски, член на Надзорниот одбор).

17. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2019 година, во предложениот текст (Љубчо Кижевски, член на Надзорниот одбор).

18. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2019 година, во предложениот текст (Фросина Крстевска (независен) член на Надзорниот одбор).

19. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2019 година, во предложениот текст (Игор Петков, член на Надзорниот одбор).

20. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2019 година, во предложениот текст (д-р Садудин Ибраими (независен) член на Надзорниот одбор).

**Точка 5**

Владата по Консолидираната годишна сметка на АД ЕСМ – Скопје со ДООЕЛ-ите основани од АД ЕСМ Скопје и консолидираните финансиски извештаи на АД ЕСМ - Скопје, за 2019 година и Извештај од независен ревизор, со Предлог – одлука, го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на Консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата по Барањето за одобрување на работењето на Надзорниот одбор и на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје за склучување на Анекс кон Договор солемнизиран под ОДУ бр.5091/17 од 25.12.2017 година, за продолжување на рокот за исплата на заем склучен помеѓу Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД Скопје и АД МЕПСО – Скопје, со предлог-одлуки ги донесе:

1. Одлуката за одобрување на работењето на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, во предложениот текст и

2. Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за продажба на деловни простории со кои стопанисува Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Предлог-правилник за изменување на Правилникот за начинот и постапката за земање примероци, начин и методи на вршење на лабораториски анализи на храната за животни, со Предлог-

одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за начинот и постапката за земање примероци, начин и методи на вршење на лабораториски анализи на храната за животни, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на одземен недвижен имот, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на одземен недвижен имот (запишан во Имотен лист бр. 9058 КО Центар 2), во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање (запишан во Имотен лист бр.32976 КО Кисела Вода 1), со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на одземен недвижен имот, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за здравство - Државен санитарен и здравствен инспекторат, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата ги донесе новите текстови на:

Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст и

Одлуката за продажба на движни ствари, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за

собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад на Врховниот суд на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата го разгледа и го одобри Барањето на финансиски средства за финансирање на имплементација на Основен проект за линиска инфраструктурна градба - изградба на водоснабдителен систем за град Крушево, со зафаќање на води од Бушева Планина во КО Сланско и КО Дреново Општина Македонски Брод и КО Белушино во Општина Крушево, тех.бр.98/2015 и вклучување на Републичкиот завод за геолошки истражувања во посочување на локации за потенцијални бушотини, од каде Крушево ќе може да се снабдува со вода за пиење и заклучи да се обезбедат потребните финансиски средства за оваа намена.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Предлог- одлуката за пренесување во сопственост недвижни ствари на Општина Чашка и ја донесе Одлуката со заклучок предлагачот, текстот на истата редакциски да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 17**

Владата го разгледа Предлогот на закон за финансиска поддршка за намалување на последиците предизвикани од КОВИД 19 врз производството, откупот на грозје и винската индустрија, по скратена постапка и го утврди со следниве заклучоци:

1. Текстот на законот номо-технички да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Александар Диље, раководител на сектор во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и Борче Јоновски, раководител на сектор во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 18**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници  на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Драганчо Стојчев, државен советник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Жанета Георгиевска, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 19

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година, во предложениот текст.

## Точка 20

Владата го донесе новиот текст на Програмата за дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година, во предложениот текст.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата за избрани проекти за реализација согласно со Одлуката за дополнување на Одлуката за распределба на средства согласно Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за транспорт и врски да ја продолжи постапката за реализација на избраните проекти за следните општини: Карпош, Шуто Оризари, Пласница, Прилеп и Сарај во согласност со Одлуката за дополнување на Одлуката за распределба на средства согласно Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води.

## Точка 22

Владата го разгледа најновиот текст на Извештајот за извршени преговори за потпишување на Спогодба помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија  и Министерството за земјоделство и рурален развој на Република  Албанија за заедничко одржливо управување со риболовот во Охридското и Преспанското Езеро, со усогласен текст на Спогодба и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Го прифати Извештајот за извршени преговори за потпишување на Спогодба помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија  и Министерството за земјоделство и рурален развој на Република  Албанија за заедничко одржливо управување со риболовот во Охридското и Преспанското Езеро.

2. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство и рурален развој на Република Албанија за заедничко одржливо управување со риболовот во Охридското и Преспанското Езеро.

3. Се овластува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Арјанит Хоџа да ја потпише Спогодбата помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство и рурален развој на Република Албанија за заедничко одржливо управување со риболовот во Охридското и Преспанското Езеро.

## Точка 23

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за предлог за консолидација на земјоделско земјиште без промена на границите на катастарските парцели во катастарска општина Кожле, Општина Петровец, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба без промена на границите на катастарските парцели во катастарска општина Кожле, Општина Петровец, во предложениот текст.

## Точка 24

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Предлог за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во катастарска општина Дабјани, Општина Долнени, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во катастарска Општина Дабјани, Општина Долнени, во предложениот текст.

## Точка 25

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на фотонапонска соларна централа, КО Крушево-вон г.р., Општина Крушево, со Предлог-одлука, ја усвои и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на фотонапонска соларна централа, КО Крушево-вон г.р., Општина Крушево, во предложениот текст.

## Точка 26

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за

инфраструктура за изградба на гасоводен систем на Град Битола, траса ГМРС Битола – МРСI со сообраќајна и комунална инфраструктура, КО Горно Оризари, Општина Битола, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на гасоводен систем во град Битола, траса ГМРС Битола – МРСI со сообраќајна и комунална инфраструктура, КО Горно Оризари, Општина Битола, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 10(20) kV кабелска врска помеѓу раставувач 10(20)kV на постоен вод КО Мало Коњари и ТС 10(20)/0.4kV КО Варош, Општина Прилеп, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 10(20) kV кабелска врска помеѓу раставувач 10(20)kV на постоен вод КО Мало Коњари и ТС 10(20)/0.4kV КО Варош, Општина Прилеп, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2- комунална супраструктура, фотоволтаична централа со капацитет до 1mw КО Негрево, Општина Пехчево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2- комунална супраструктура, фотоволтаична централа со капацитет до 1mw КО Негрево, Општина Пехчево, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба за изградба на фотоволтаична централа Марена 1 и електричен вод за приклучок, КО Марена, Општина Кавадарци, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба за изградба на фотоволтаична централа Марена 1 и електричен вод за приклучок, КО Марена, Општина Кавадарци, во предложениот текст.

## Точка 30

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Д3-спорт и рекреација КО Дихово, Општина Битола, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Д3-спорт и рекреација КО Дихово, Општина Битола, во предложениот текст.

## Точка 31

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија (производи за градежна индустрија) КО Сојаклари, Општина Велес, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија (производи за градежна индустрија) КО Сојаклари, Општина Велес, во предложениот текст.

## Точка 32

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

## Точка 33

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2-градби за производство на енергија, термоелектрична централа за производство на електрична енергија од био маса КО Алданци, Општина Крушево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка

на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2-градби за производство на енергија, термоелектрична централа за производство на електрична енергија од био маса КО Алданци, Општина Крушево, во предложениот текст.

Точка 34

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Тодорче Ристов с. Долни Балван, Карбинци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

Точка 35

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина – вулкански туф на локалитетот „Славишко Поле“ с. Ветуница, Општина Ранковце од Стрмош АД рудници за неметали Пробиштип на Друштвото за производство, транспорт, трговија и услуги Диатомак ДООЕЛ Пробиштип (нов текст), во предложениот текст.

Точка 36

Владата го донесе новиот текст на Решението за овластување на потписник за склучување на договори за купопродажба на станови, во предложениот текст.

Точка 37

Владата го разгледа и го прифати новиот текст на Извештајот за завршени преговори за усогласување на текстот на Спогодбата меѓу Федерацијата на Свети Кристофер и Невис и Република Северна Македонија за укинување на визи за носители на биометриски патни исправи, со усогласен текст на Спогодбата на македонски и англиски јазик, со следниве нови заклучоци:

1. Го прифати Извештајот за завршени преговори за усогласување на текстот на Спогодбата меѓу Федерацијата Свети Кристофер и Невис и Република Северна Македонија за укинување на визи за носители на биометриски патни исправи.

2. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата меѓу Федерацијата Свети Кристофер и Невис и Република Северна Македонија за укинување на визи за носители на биометриски патни исправи.

3. Се определува Н.Е. Александра Миовска, амбасадор на Република Северна Македонија во Велика Британија и Северна Ирска, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата меѓу Федерацијата Свети

Кристофер и Невис и Република Северна Македонија за укинување на визи за носители на биометриски патни исправи.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата за преземените активности и организациони аспекти во рамките на македонско-бугарското ко-претседавање со Берлинскиот процес 2020 (БП-2020) и подготовките за завршниот Самит во Софија на 10 ноември 2020 година, со повеќегодишен Акциски план и предлог текст на Декларација, ја усвои Информацијата и ги донесе следниве заклучоци:

1. Владата го разгледа и прифати новиот Повеќегодишен акциски план за Заеднички регионален пазар – Катализатор за продлабочена економска интеграција и скала кон Европската Унија, Единствениот пазар како и предлог текстот на Декларацијата за негово усвојување од страна на лидерите на земјите од Западен Балкан.

2. Се задолжуваат членовите на делегацијата на Република Северна Македонија да ги презентираат ставовите содржани во предлог платформата за настап на сесиите/министерските состаноци, кои се предвидени во рамки на програмата на Самитот на Берлинскиот процес.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања до 5 ноември 2020 година да достави до Министерството за надворешни работи статус на имплементацијата на досегашните проекти финансирани во рамките на инструментот Инвестициска рамка за Западен Балкан (WBIF) и национална ИПА, а кои се наведени од Европска комисија во Економскиот и инвестициски план за Западен Балкан, и тоа: статус на железничката пруга Коридорот VIII што ги поврзува Скопје и Софија, статус на интерконекцијата на гас помеѓу Северна Македонија – Косово, тековната инвестиција на интерконекцијата Северна Македонија – Грција, интерконекцијата на гас Северна Македонија – Србија, статус на пречистителната станица во Скопје, и статус на интегриран регионален систем за управување со отпад во Северна Македонија како и статус на затворањето на депониите.

4. Се задолжува Министерството за надворешни работи до 8 ноември 2020 година да ги спроведе сите неопходни дипломатски и протоколарни подготовки поврзани со учеството на делегацијата на Република Северна Македонија на Самитот на Берлинскиот процес.

**Точка 39**

Владата на предлог на Министерството за надворешни работи го одложи разгледувањето на Информацијата за предлог-реорганизација на економската дипломатија, во насока на  промоција на националните економски интереси во странство.

**Точка 40**

Владата го усвои текстот на Информацијата за подготовка на Седумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, што ќе се одржи на 12 ноември 2020 година, кој предлагачот ќе го усогласи со Министерството за финансии, со следниве заклучоци:

1. Се назначува Блерим Златку, државен советник во Министерството за економија за ко - претседавач на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување помеѓу Европската унија и Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции до Секретаријатот за европски прашања да номинира лице/лица за учество на поткомитетот, согласно предвидените точки на дневен ред (Точка 5 Претпријатија и индустриска политика и Точка 6 Туризам), најдоцна до 5.11.2020 година.

3. Се задолжува Министерството за култура до Секретаријатот за европски прашања да номинира лице/лица за учество на поткомитетот, согласно предвидените точки на дневен ред (Точка 7 Слободно движење на стоки и Точка 6 Туризам, во делот на активностите поврзани со барањата на УНЕСКО за Охридскиот регион), најдоцна до 5.11.2020 година.

4. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, добиените пишани материјали согласно точките на дневниот ред на состанокот на Поткомитетот, веднаш да ги достави до службите на Европската комисија.

<u>Точка 41</u>

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Бошкоски против Република Северна Македонија А.бр.71034/13, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

<u>Точка 42</u>

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа „Гостиварски театар“ – Гостивар, во предложениот текст.

<u>Точка 43</u>

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Основен кривичен суд Скопје, во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата го донесе новиот текст на Решението за изменување и дополнување на Решението за назначување на Генерален комесар и заменик на Генералниот комесар на Република Северна Македонија за „ЕКСПО Дубаи 2020“, во предложениот текст.

**Точка 45**

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата во Собранието се определени д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Ресми Ејупи, државен секретар во Министерство за труд и социјална политика и Вера Ристовска, раководител на сектор во Министерство за труд и социјална политика.

**Точка 46**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Ресми Ејупи, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Зихра Мемети, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 47**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за исплата на парични права од социјална заштита, за октомври 2020 година, ја усвои Информацијата, со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да ги достави податоците за корисниците на парични права по сите основи до деловните банки најдоцна до 3.11.2020 година, односно 5.11.2020 година.

2. Се препорачува на деловните банки да обезбедат достапност на средствата за паричните права од социјална заштита за месец октомври преку банкомати и во трговските мрежи од 4.11.2020, односно 6.11.2020 година.

Истовремено, Владата заклучи, Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Министерството за правда да изнајде соодветно решение во Законот за извршување, во насока финансиските средства што ги добиваат лицата корисници на парични права од социјална заштита и заштита на децата, истите да не бидат предмет на извршување.

## Точка 48

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги ГРИН МЕДИКАЛ ТЕРАПИ ДОО Чучер-Сандево Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги ГРИН МЕДИКАЛ ТЕРАПИ ДОО Чучер-Сандево Скопје, во предложениот текст.

## Точка 49

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом Гостивар (моторно возило), во предложениот текст.

## Точка 50

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа „Здравствен дом на Скопје“ - Скопје, во предложениот текст.

## Точка 51

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во 2019 година и притоа го утврди следното мислење:

Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, согласно член 6 од Законот за основање на државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/2011, 148/2013, 41/2014, 130/2014, 53/2016 и 11/2018), за своето работење поднесува годишен извештај до Собранието на Република Северна Македонија до крајот на март во тековната година за претходната година.

Годишниот извештај за работата на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен за 2019 година, со број 0102-454/2 од 26.3.2020 година е доставен согласно законскиот рок, односно на 26.3.2020 година до Собранието на Република Северна Македонија.

Годишниот извештај содржи број на примени предмети, број на решени предмети (отфрлени, одбиени и прифатени жалби), број на нерешени предмети, број на предмети за кои е покренат управен спор (одбиени и прифатени предмети), статистичка анализа на постапките на правна заштита и други информации и податоци.

Во 2019 година во Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, примени се вкупно 5701 предмети, од кои решени се 3933 предмети, 543 се административно пратени на доуредување до надлежен орган, и 12 предмети по кои постапил самиот првостепен орган, или вкупно Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен постапила по 4488 предмети примени и оформени во 2019 година. Од примените предмети во 2019 година, Државната комисија не постапила по вкупно 1213 предмети заклучно со 31.12.2019 година.

Државната комисија во текот на 2019 година, има постапено и по вкупно 2832 предмети, примени и оформени во претходните години, од кои решени се 2637 предмети, односно за истите донела конкретен управен акт – Решение/Одлука, додека 195 предмети биле пратени на административно доуредување до надлежен орган.

Вкупно број на предмети по кои Државната комисија постапила во 2019 година е 7320, од кои решени се 6570 предмети, 738 предмети се пратени на административно доуредување до надлежен орган и 12 предмети по кој постапил самиот првостепен орган.

Државната комисија во периодот од 1.1.2020 до 27.2.2020 година, постапила по уште 721 предмети примени и оформени во 2019 година.

Вкупниот буџет за 2019 година изнесувал 51.251.000 денари, а неговата реализација на крајот на 2019 година изнесувал 91,31%, односно 46.796.077 денари.

Во однос на наводите од Препораката 3 од Извештајот кои се однесуваат за натамошно доуредување на постапките од работен однос, ќе се земат во предвид при следните изменувања и дополнувања на Законот за извршување на санкции.

Исто така, се смета дека треба да се преземат мерки кои ќе придонесат за намалување на заостатокот од 1179 нерешени предмети.

Истовремено, од фискален аспект се укажува на потребата за преработка на доставениот Извештај во делот кој се однесува на Буџетот и финансирањето, од

причина што презентираните финансиски показатели не се во согласност со трезорската евиденција.

Согласно наведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по Годишниот извештај за работата на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во 2019 година, освен горенаведените укажувања.

## Точка 52

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 57 став 1 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 132/2016, 35/2018, 64/2018 и 168/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/2019 и 18/2020), поднесено од градоначалникот на Општина Кочани и притоа го утврди следново мислење:

Од страна на Општина Кочани поднесено е барање за автентично толкување на членот 57 став (1) од Законот за градење во однос на градбите за потребите на правни лица во целосна и доминантна сопственост на Република Северна Македонија, од причина што не било јасно кои биле градбите за потребите на правни лица во целосна и доминантна сопственост на Република Северна Македонија во смисла на тоа дали при издавање на одобрение за градење за колективна станбена зграда чиј инвеститор е АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката, истата треба да се третира како градба за потребите на правни лица во целосна и доминантна сопственост на Република Северна Македонија.

Согласно Законот за градење, во зависност од видот, градбите се категоризирани во две групи, градби од прва категорија (градби од значење за Републиката) и градби од втора категорија (градби од локално значење). Во член 57 став (1) од законот во кој се утврдени градбите од значење за Републиката, покрај другите градби се наведени и градбите за потребите на правни лица во целосна или доминантна сопственост на Република Северна Македонија, а колективните станбени згради се утврдени во ставот (2) како градби од локално значење.

Градби за потребите на правни лица во целосна или доминантна сопственост на Република Северна Македонија во смисла на овој закон треба да се третираат градбите кои овие правни лица ги користат за сопствени потреби при извршување на своите функции согласно законски утврдените надлежности и истите се со јавна намена. Во таа смисла колективните станбени згради чиј инвеститор е АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката, не се градби кои ова правно лице ги користи за сопствени потреби односно истите се градби наменети за домување. Исто така треба да се има предвид и фактот дека категоризацијата на градбите во Законот за градење е

извршена согласно видот на градбата, а не согласно тоа кој е инвеститор на градбата.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека членот 57 став (1) од Законот за градење во контекст на поднесеното барање е јасен и нема потреба од автентично толкување на истиот.

## Точка 53

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 121 став (5) од Законот за управување со отпадот („Службен весник на Република Македонија" број 68/2004, 107/2007, 102/2008, 143/2008, 124/2010, 140/2010, 51/2011, 123/2012, 147/2013, 163/2013, 51/2015, 146/2015, 156/2015, 192/2015, 39/2016 и 63/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 31/20), поднесено од пратеникот Миле Лефков и притоа го утврди следново мислење:

Правните и физичките лица од членот 21 став (1) на овој закон, се правни лица кои во вршењето на својата дејност во текот на една календарска година создаваат повеќе од 200 килограми опасен отпад и/или повеќе од 150 тони неопасен отпад. Овие правни лица задолжително потпишуваат договор со јавно претпријатие формирано согласно членот 46 став (2) или став (3), односно со правни и физички лица кои се формирани согласно членот 46 став (4) и кои воедно се овластени за собирање и за транспортирање на отпад т.е. кои поседуваат дозвола за вршење на дејност согласно член 45 од Законот (Дозволи за собирање и за транспортирање на комуналниот отпад и на другите видови неопасен отпад). Законот за овие правни лица, како големи создавачи на отпад, овозможува цена за собирање и транспортирање на неопасниот и на опасниот отпад врз основа на количеството и видот на создадениот отпад изразен во денар на метар кубен или денар на тон отпад, што се утврдува во договорот за собирање и за транспортирање на отпад (член 121 став (5)).

Оваа можност Законот ја дава исклучиво на големите создавачи на отпад заради доследна примена на начелото „загадувачот плаќа" од членот 12 на овој закон. Дополнително, во Методологијата за пресметување на цената за собирање, транспортирање и отстранување на отпад („Службен весник на Република Македонија" бр.30/13), членот 10 точка 1. уредува дека за големи правни субјекти кои веројатно создаваат количини над оние дефинирани со членот 21 став (1) на овој закон (производствени капацитети, трговски центри, фабрики, банки, хотели, осигурителни компании, стоваришта и други правни субјекти), единица мерка за цена на услугата може да биде ден/kg и ден/m3 , што е идентично со цената уредена во член 121 став (5) од Законот т.е. значи дека цената се утврдува врз основа на количината создаден отпад изразена во единица мерка за маса (kg или тон) или во единица мерка за волумен (m3).

Врз основа на претходно изнесеното, членот 121 став (5) од Законот за управување со отпадот („Службен весник на Република Македонија" бр. 68/2004, 107/2007, 102/2008, 143/2008, 124/2010, 140/2010, 51/2011, 123/2012, 147/2013, 163/2013, 51/2015,

146/2015, 156/2015, 192/2015, 39/2016 и 63/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/2020) е јасен и прецизен и Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување на наведената одредба.

## Точка 54

1. Владата го отповика Александар Ранѓеловиќ од должноста член на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје.

1.1. Владата го избра Ѓоко Илиевски, предложен од синдикалната организација за член на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје.

2. Владата ја отповика Верица Узунова од должноста член на Надзорниот одбор на АД за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје.

2.1. Владата ја именува Слаѓана Богдановиќ за член на Надзорниот одбор на АД за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје.

3. Владата го разреши Миле Сугарев од должноста вршител на должноста директор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

3.1. Владата го именува Стево Крстевски за вршител на должноста директор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, до именување на директор по распишан конкурс, но не подолго од шест месеци.

4. Владата донесе Решение за давање согласност на Одлуката за именување на вршител на должноста директор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, со која за вршител на должноста директор на Фондот е именувана Билјана Јовановска.

5. Владата го разреши Сеад Садикоски од должноста директор на Државниот инспекторат за локална самоуправа, орган во состав на Министерството за локална самоуправа, на негово барање.

5.1. Владата го именува Сенад Амети за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за локална самоуправа, орган во состав на Министерството за локална самоуправа и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

6. Владата ја разреши Лидија Ѓоршевска од должноста директор на Државниот испитен центар, на нејзино барање.

6.1. Владата ја именува Елизабета Наумовска за вршител на должноста директор на Државниот испитен центар.

7. Владата го разреши Аднан Џафероски од должноста директор на Дирекцијата за заштита и спасување, на негово барање.

7.1. Владата го именува Беким Максути за вршител на должноста директор на Дирекцијата за заштита и спасување и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

8. Владата го разреши Агрон Буџаку од должноста директор на Центарот за управување со кризи, на негово барање.

9. Владата го разреши Стојанче Ангелов од должноста Национален координатор за воени и полициски ветерани.

10. Владата го избра Стојанче Ангелов за вршител на должноста директор на Центарот за управување со кризи и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

11. Владата го разреши Фирус Мемед од должноста заменик на директорот Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија, поради истек на мандатот за кој е именуван.

12. Владата го разреши Амир Шабани од должноста член на Управниот одбор на Македонската академска истражувачка мрежа (МАРнет), на негово барање.

13. Владата го разреши Зирап Адеми од должноста заменик на директорот на Државниот завод за статистика, на негово барање.

14. Владата го разреши Ариф Асани од должноста заменик на директорот на Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија, на негово барање.

15. Владата го разреши Блерим Идризи од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта-Скопје, на негово барање поради постоење на состојба на судир на интереси.

15.1. Владата го именува Незарим Аљиљи за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта-Скопје.

16.Владата го именува Виктор Талески, стручен работник од Центарот за социјална работа, за член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Прилеп.

17. Владата го разреши Бобан Томески од должноста член на Комисијата за осигурување од автомобилска одговорност.

17.1. Владата го именува Злате Симоновски-професионално ангажиран член на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурувањето, за член на Комисијата за осигурување од автомобилска одговорност предложен од Агенцијата за супервизија на осигурувањето.

18. Владата им утврди престанок на мандатот на членовите на Училишниот одбор-претставници на основачот на Посебно основно училиште за ученици со посебни воспитно-образовни потреби „Св. Климент Охридски“- Ново Село и тоа на:

- Ристо Златанов и
- Благица Стоилова.

18.1. Владата ја именува Светлана Мазгалоска Вучетиќ за член на Училишниот одбор-претставник на основачот на Посебно основно училиште за ученици со посебни воспитно-образовни потреби „Св. Климент Охридски“- Ново Село.

19. Владата ја разреши Калина Кусакатска-Горановска од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје.

19.1. Владата ја именува Оливера Прoковиќ за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје.

20. Владата се информираше за оставката на Виктор Петрушевски од должноста член на Управниот одбор на Акционерското друштво за аеродромски услуги „АЕРОДРОМИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“, во државна сопственост и заклучи да му препорача на Надзорниот одбор на друштвото за член на Управниот одбор да го избере Трајче Ангеловски.

21. Владата заклучи да му препорача на Надзорниот одбор на АД Славија извоз-увоз Скопје за член на Управниот одбор да го избере Блаже Зафировски.

22. Владата заклучи да му предложи на Собранието на Македонски Телеком АД – Скопје:

1. Од должноста членови на Одборот на директори, да ги отповика:

- Сашо Велевски од неизвршен член,
- Замир Мехмети од неизвршен независен член,
- Дивна Ефтимовска од неизвршен независен член,
- Мирослав Вујиќ од неизвршен член и
- Сашо Симјановски од неизвршен член.

1.1. За членови на Одборот на директори да ги избере:

- Шкодране Зенуни Дарлишта – неизвршен независен член
- Бардул Насуфи – неизвршен член
- Зоран Китанов – неизвршен член
- Нина Ангеловска – неизвршен член
- Садула Дураку – неизвршен независен член
- Аќиф Мехдиу – неизвршен член.

## Точка 55

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за Коронавирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија за период од 21 октомври 2020 година до 27 октомври 2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**2.** Владата, имајќи ги предвид одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.14/20), ги задолжи сите органи на државната управа и сите останати државни институции опфатени со Законот за административни службеници, преку надлежните организациони единици за човечки ресурси, да подготват и во рок од седум дена, до Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците да достават детален преглед со податоци во однос на тоа колку помошно – стручни административни службеници во институцијата се стекнале со стручни квалификации за повисоко ниво на работно место, односно колку лица од оваа категорија административни службеници имаат поднесено барање за обезбедување вреднување на соодветен степен на образование во основната компонента на плата – дел на плата за степен на образование.

**3.** Владата по Информацијата за потребата од донесување на Предлог-одлуки за определување на заштитни зони околу водни тела кои се користат за консумирање од страна на човекот, доставена од Министерството за животна средина и просторно планирање заклучи:

- претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев да одржи работен состанок со Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство и м-р Крешник Бектеши, министер за економија, во врска со определување на заштитните зони за заштита на водите за изворот Рашче.

**4.** Владата во врска со предлогот на д-р Ирена Стефоска, министер за култура, за дополнување на Решението за именување претседател, генерален секретар и членови на Националната комисија за УНЕСКО на Република Северна Македонија, заклучи Министерството за култура да подготви и до Владата да достави Предлог-решение за дополнување на Решението за именување претседател, генерален секретар и членови на Националната комисија за УНЕСКО на Република Северна Македонија кое да се смета за донесено на оваа седница на Владата.

**5.** Владата заклучи да побара врз основа на член 18 став 1 точка 5) од Законот за одбрана на Република Северна Македонија да дозволите ангажирање на дел од припадниците на Армијата на Република Северна Македонија (без оружје) во поддршка на институциите на државата при справување со последиците од пандемијата со заразната болест COVID-19, предизвикана од вирусот SARS-CoV-2.

**6.** Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлог-законот за висока раководна служба.

**7.** Владата ја разгледа и ја прифати Иницијативата за прогласување на денот недела и деновите на државни и други празници за неработни денови, доставена од Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија и го задолжи Министерството за труд и социјална заштита да подготви и во рок од 15 дена до Владата да достави предлог имајќи ги предвид сите аспекти од овој предлог за прогласување на денот недела за неработен ден, со соодветни исклучоци (противпожарна служба, болници, брза помош, дежурства во производствени процеси, Министерство за внатрешни работи и др.) во истиот.

**Точка 56**

Владата го разгледа Известувањето за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, за септември 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 57**

Владата го разгледа Извештајот за работењето на ЈП Национална радиодифузија - Скопје во период од 1 јануари до 31 март 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 58**

Владата по Информацијата за состојбата со природните езера и вештачките акумулации на кои АД ЕСМ има хидроцентрали заклучи:

- Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, до крајот на оваа недела да организира работен состанок, со присуство на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања, за координација со економските ресори и инвестиции, министерот за земјоделство, шумарство и

водостопанство, министерот за економија, министерот за животна средина и просторно планирање, како и директорот и заменикот на директорот на АД ЕСМ, Скопје и на АД МЕПСО, Скопје, на кој да се добијат податоци за деталите од работењето на овие акционерски друштва и за добиените сознанија да се информира Владата на наредната седница.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и други надлежни институции да направи дополнителна анализа за утврдување на нови стандарди и геолошки минимуми на природните и вештачките акумулации во државата.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите за реализација на Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација 02, финансиран со кредит за долгорочно задолжување од ЕБОР (септември 2020), како материјал за информирање.

**Точка 60**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за реализација на активностите наведени во Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи од овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ЈЗУ Клиничка Болница Штип за 2017 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи, на седниците на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој да се разгледуваат како точки сите материјали кои ги доставува Државниот завод за ревизија, а се однесуваат на конечни извештаи за извршена ревизија, како и материјалите кои ги доставуваат институциите за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи од овластениот државен ревизор за извршена ревизија.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Информацијата за динамиката на реализација на обврските преземени со склучување на договорите за изведба и надзор на капитални проекти во водостопанството во текот на 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 62**

Владата го разгледа Годишниот извештај во врска со реализација на Програмата за инвестирање во животната средина за 2019 година, како материјал за информирање.

## Точка 63

Владата ја разгледа Информацијата со текст на протокол за отворен пристап до истражувачката инфраструктура во Западен Балкан, со текст на Протокол, ја усвои Информацијата и го прифати Протоколот за отворен пристап во истражувачката инфраструктура во Западен Балкан.

## Точка 64

Владата ја разгледа Информацијата во врска со регулирање на боледувањето на вработени лица заболени од C0VID -19 (Коронавирус), како и вработени лица кои се во изолација заради спречување на зараза и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат министерствата и органите на државната управа при регулирање на привремената спреченост за работа на вработените лица кои имаат симптоми и се заболени од C0VID - 19 (Коронавирус) и на лица кои се во изолација заради спречување на зараза, но се асимптоматични (односно немаат знаци на болеста), а за кои е констатирано дека се заболени од C0VID-19 (Коронавирус), почнувајќи од 3.11.2020 година задолжително да побараат ИСР образец (боледување) од сите лица за кои е констатирано дека се заболени C0VID-19 и согласно буџетските и финансиските импликации, висината на надоместокот на плата за привремена спреченост за работа поради C0VID -19 да изнесува 100% од основицата на надоместокот на плата.

2. Се препорачува на организациите утврдени со закон, другите државни органи, правните и физичките лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања, како и на општините, Градот Скопје и општините во Градот Скопје. да постапат согласно укажувањата од Заклучокот бр. 1.

Истовремено, Владата заклучи, лица, вработени во институциите од заклучоците бр.1 и 2, кои имале контакт со заразено лице и се во самоизолација, заради спречување на ширење на заразната болест C0VID - 19 (Коронавирус), своето отсуство пред работодавачите да го оправдаат со решение од Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

Воедно, Владата препорачува работодавачите од приватниот сектор да го следат овој заклучок.

## Точка 65

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по скратена постапка го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, а за повереници Елена Манчева, државен секретар во Министерството за информатичко општество и администрација и Ана Малцева, раководител на сектор во Министерството за информатичко општество и администрација.

Истовремено, Владата и препорачува на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да не ги применува подзаконските акти донесени врз основа на член 143 став (3) и став (4) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/2013, 13/2014, 44/2014, 101/2014, 132/2014, 142/2016, 132/2017, 168/2018, 248/2018 и 27/2019 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/2020) имајќи предвид дека текстот на Предлогот на закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по скратена постапка е утврден од Владата и доставен до Собранието на Република Северна Македонија.

**<u>Точка 66</u>**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Стојмировска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**<u>Точка 67</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на личен доход, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Во член 1 од Предлогот на закон, точка 48) се брише.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска,

државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Стојмировска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 68

Владата го разгледа Предлогот на закон за финансиска поддршка на граѓани со низок доход, корисници на пензија, корисници на право на социјална сигурност на стари лица, млади лица, самохрани родители, деца без родители и родителска грижа, уметници и други лица кои вршат дејност во културата, филмски работници и естрадни уметници, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Во членот 2, став 1, точката 2) да се прецизира во насока дека корисници на пензија се државјани на Република Северна Македонија, евидентирани во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија, заклучно со 27.9.2020 година, кои за периодот јануари - август 2020 година оствариле доход од пензија во нето износ не поголем од 120.000 денари т.е. месечен износ на пензија, не поголем од 15.000 денари.

2. Во членот 2, став 1, точката 4) да се прецизира во насока дека се опфатени млади лица кои се државјани на Република Северна Македонија со наполнети 16 години и не постари од 29 години на 27.9.2020 година, кои се активни учесници во формалното средно образование, а не биле опфатени т.е испуштени во претходниот пакет на економски мерки.

3. Во членот 6, став 1, алинеја 4 да се измени во насока младите лица -корисници на финансиска поддршка да добијат еднократна финансиска поддршка во износ од 6.000 денари, наместо предложените 3.000 денари.

4. Пречистениот текст на Предлогот на закон за финансиска поддршка на граѓани со низок доход, корисници на пензија, корисници на право на социјална сигурност на стари лица, млади лица, самохрани родители, деца без родители и родителска грижа, уметници и други лица кои вршат дејност во културата, филмски работници и естрадни уметници, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Виолета Стојановска Петреска, државен советник во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:20 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Зоран Заев